**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-4551/1

Скопје 23.09.2016г.

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**Предмет: Трет седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува третиот седмичен извештај за периодот **од 16 до 22 септември 2016** година, во согласност со обврските од член 76-в став 2 и член 196-в од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година.

Во текот на оваа седмица течеше мониторингот на изборното медиумско претставување на радиодифузерите во вториот десетдневен период (од 12 до 21 септември 2016), а Привремената комисија за следење на медиумското претставување, во рамките на рокот предвиден со Процедурата на постапување, ги разгледа извештаите за почитувањето на членовите 75 став 1 и 75-б од Изборниот законик, за првиот десетдневен период (од 2 до 11 септември 2016) и му предложи на директорот, да не се преземаат мерки кон радиодифузерите.

Во прилог Ви ги испраќаме 18-те поединечни извештаи за сите програмски сервиси опфатени со примерокот за мониторинг и Предлогот од Привремената комисија кои се објавени и на нашата веб страница во посебниот дел насловен ИЗБОРИ 2016.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

.......................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009